# ИЗВЕШТАЈ ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА ЗАКОН ЗА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

**Наслов:** Закон за академијата за судии и јавни обвинители

Постапено по сопствена иницијатива на Државната Комисија за спречување на корупција согласно планот и динамиката за 2017 година усвоен од страна на Државната Комисија за спречување на корупција.

**Област:** Правосудство

## Генерална оценка

**Осврт:** Со Законот за академијата за судии и јавни обвинители (Службен Весник на РМ бр. 20/15, 192/15 и 231/15), се уредува работењето на Академијата за судии и јавни обвинители како јавна установа за прием и стручно усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители, континуирана обука и унапредување на стручноста на судиите и јавните обвинители, континуирана обука на стручните служби во судството и јавното обвинителство, обука на субјектите кои учествуваат во спроведување на законите од областа на правосудството, вршење на аналитичка дејност од областа на правосудната теорија и практика, органите на управувањето и финансирањето на Академијата.

1. **Разгледани / консултирани дополнителни материјали:**
   - **Закон за јавно обвинителство:** (Службен Весник на РМ бр. 150/2007, 111/2008),
   - **Закон за судовите:** (Службен Весник на РМ бр. 58/06, 35/08, У.бр.256/07, У.бр.74/08, 150/10, У.бр.12/11).

Државната Комисија за спречување на корупција согласно Законот за спречување на корупција (чл.49. став.1 точка 3) и Законот за спречување на судир на интереси (член 21. став. 1 точка. 2), применувајќи ја Методологијата за Антикорупциска проверка на легислативата, а постапувајќи по сопствена иницијатива согласно планот и динамиката за 2017 година усвоен од страна на Државната Комисија за спречување на корупција го донесе следниот:

## Заклучок

Државната комисија за спречување на корупцијата по извршената антикорупциска проверка односно, анализа и оценка на формата и содржината на Законот за академијата за судии и јавни обвинители , утврди постоње на ризик од корупција. Имено, согласно Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата во која е содржана и листата на ризиците од корупцијата, а врз основа на која се спроведе и анализата и проверката на предметниот Закон, ДКСК утврди дека во конкретниот случај постои ризик од корупција во примената на недефинираните рокови.

## Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата по извршената антикорупциска проверка на легислативата, а постапувајќи по сопствена иницијатива за анализа и проценка на формата и содржината на Законот за академијата за судии и јавни обвинители констатираше дека постои ризик од корупција во следната одредба:

### Член 11.

Со проверката на член 11 кој гласи:

(1) Управниот одбор е орган на управување на Академијата и го сочинуваат 9 члена.

(2) Четири члена и нивни заменици во Управниот одбор предлага Судскиот совет на Република Македонија и тоа по еден член од редовите на судиите од Врховниот суд на Република Македонија, од апелационите судови, од основните судови, како и еден член од Управниот суд или од Вишиот управен суд.

(3) Четири члена и нивни заменици во Управниот одбор предлага Советот на јавни обвинители на Република Македонија и тоа по еден член од редовите на јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република Македонија, од вишите јавни обвинителства, од основните јавни обвинителства и од Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција.

(5) Министерот за правда назначува еден член и негов заменик од редот на раководните административни службеници во Министерството за правда.

(6) Во работата на Управниот одбор учествува директорот на Академијата (во натамошниот текст: директорот), без право на глас.

Со анализата на овој член, се утврдува недостатокот од рокови за именување на членовите на Управниот одбор на Академијата, со што би се овозможило непречено функционирање на институцијата како таква и би се заштитиле од ризиците од корупција кои ги носи недефинираноста на роковите за избор.

**Член 120.**

Со проверката на член 120 кој гласи:

„Директорот, членовите на Управниот одбор и Програмскиот совет на Академијата именувани согласно со Законот за Академијата за обука на судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија" број 88/2010, 166/12, и 26/13), ќе ги извршува нивните надлежности до изборот на органите на Академијата согласно овој закон" се констатира дека изостанува јасно дефинирање на временските рокови. Бидејќи постои ризик од појава на недефинирани рокови се остава простор актуелниот состав на Академијата да остане непроменет подолг период, а воедно одредбите од законот да не се реализираат во целост, односно да се остави простор за нецелосно или отежнато функционирање на институцијата која е од круцијално значење за правниот систем на државата, односно ќе доведе до остварување на двете глобални цели кои за квалитет кај судството и обвинителството: јакнење на независноста и самостојноста на судството и обвинителството и зголемување на професионалното, стручното и квалитетното извршување на судиската и обвинителската функција.

## Заклучоци и препораки

Државната комисија за спречување на корупцијата по спроведената анализа и проверка на текстот на Законот за академијата за судии и јавни обвинители и констатираните ризици од корупција во текстот на Законот, а со цел елиминирање на ризиците, предложи решенија и тоа во насока на:

- елиминирање на недефинираните рокови и нивно прецизирање.